# X. Совет на Народна банка на Република Македонија

Советот на НБРМ е највисокото одлучувачко тело на централната банка. Составен е од 9 членови, од кои двајца членови се гувернерот и заменик гувернерот. Другите членови на Советот на НБРМ се надворешни лица. Владата нема свој член во Советот на НБРМ. Според Законот за НБРМ (член 63), Советот одлучува за најсуштествените прашања од работењето на централната банка и тоа: ја донесува Проекцијата на монетарната политика; го донесува Извештајот за спроведувањето на монетарната и девизната политика; го донесува Извештајот за извршените контроли и за преземените мерки; ја утврдува методологијата на монетарното планирање; ги дефинира целите и задачите на монетарната и девизната политика и ги утврдува мерките за нивно спроведување; ги пропишува поблиските услови и начинот на вршење контрола, видот, роковите, редоследот и постапката за преземање мерки спрема банките и штедилниците; ги утврдува правилата и стандардите на супервизорската контрола; го донесува Финансискиот план и Годишната сметка на НБРМ; ја утврдува каматната политика на НБРМ; одлучува за издавањето на нови апоени на книжни и ковани пари; ги утврдува основните обележја на новите книжни и ковани пари; одлучува за одобрувањето на кредити за потребите на Република Македонија и условите за нивно враќање; одлучува по жалба против решение на гувернерот.Во второстепена постапка, односно кога Советот на НБРМ заседава и одлучува по жалба против решение на гувернерот, Советот одлучува без учество на гувернерот и на заменик гувернерот.